Блага ПЕТРОСКА

# ЕМАНЦИПАЦИЈА НА ЖЕНАТА ВО ДУХОТ НА МАРКСОВОТО УЧЕЊЕ

Веќе стана јасно дека нема ниту еден значаен проблем на современиот свет кој може научно да се дефинира и политички да се реши без влијанието на марксизмот. Во потполна мерка овој став се однесува и на т.н. женско прашање кое е значајно за решавањето на општествената положба на жените. Во својата општа теорија за општеството марксизмот ги дефинирал и основните проблеми на жената која е сфатена како човечко суштество чија еманципација е услов и мерило за општествената и човечката еманципација. Во трудовите на Маркс, Енгелс и Ленин, и на подоцнежните марксистички теоретичари содржани се многубројни идеи и ставови со кои и во современиот свет се дефинира „женското прашање", односно проблематиката на ослободувањето на жената, на нејзината борба за еманципација.

Без сомнение секоја дискусија за положбата на жената во модерното индустриско општество треба да се базира на наследството кое зад себе за овој предмет го оставија класиците на марксизмот. Во сите дискусии за т.н. женско прашање обично се истакнува дека Маркс и Енгелс посебно не се занимавале со овој проблем. Со право може да се тврди дека Маркс и Енгелс посебно внимание не му посветиле на „женското прашање" не поради тоа што тоа прашање го запоставиле, туку поради тоа што биле свесни дека тоа прашање единствено е можно да се реши во склопот на борбата на пролетаријатот за сопствено укинување и ослободување на човекот како човек. Од тоа може да се заклучи дека Маркс и Енгелс иако посебно не се задржале на „женското прашање", сепак ја забележале таа рамка во која е возможна не само теориска расправа за тие прашања туку и практично решение — еманципација на жената како човек. Неоспорно, рамката за тоа епохално историско решение ја сочинува Марксовото учење за класната борба и за алиенацијата.

Здружена со револуционерните трансформации и тенденции во современото општество, марксистичката научна мисла овозможила и придонела женското прашање да се постави како тотално и повеќе димензионално прашање, а со тоа и одделните недоследности, површности и формализми во современиот начин на размислување да се надминат.

И покрај тоа што Маркс и Енгелс посебно не го разработиле женското прашање, сепак во нивните дела за ова прашање многу е пишувано и кажано. Ниту еден од големите мислители, ниту Маркс ниту Енгелс за ова прашање не зборувале посебно, како што посебно за него и не пишувале. Меѓутоа, во „Комунистичкиот манифест“, во „Капиталот“, во „Светото семејство“, во „Германско-францускиот годишник“, во „Економско-филозофските ракописи“, во „Анти-Диринг“, во „Потеклото на семејството, приватната сопственост и државата“ и во повеќе други дела е изложена целосната теориска и практична ориентација на марксизмот како ново сфаќање за човекот, општеството и природата. Изложувајќи едно ново сфаќање за човекот општеството и природата. Изложувајќи едно ново сфаќање на светот, на положбата, на улогата и односите на луѓето во тој свет, марксизмот не можел да ја заобиколи посебната димензија на човекот содржана во комплексот на т.н. женско прашање. Споменатите дела, меѓу другото, ги зафаќаат проблемите за положбата на жената низ историјата, прашањата за историскиот облик на бракот и семејството, ја анализираат улогата на женската работна сила во производството и последиците кои од тука произлегуваат, а се однесуваат на положбата на жената и семејството. Според тоа, марксизмот како револуционерна теорија и практика, прв дал целосен одговор на едно значајно прашање, „женското прашање“.

Клара Цеткин во статијата напишана по повод дваесеттата годишнина од смртта на Карл Маркс, 1903 година, „Што жените му должат на Кал Маркс?“, уште во почетокот истакнува дека Маркс не се занимавал со женското прашање како такво, но изнесувајќи го своето револуционерно учење и патиштата за ослободување на пролетаријатот во целина, укажал и на патиштата за ослободување на самите жени. Таа истакнува дека и покрај тоа што материјалистичкото сфаќање на историјата не дало готови формули за „женското прашање“, сепак дало нешто подобро: правилен и сигурен метод за да го испитаме и да го сфатиме во својата историска поврзаност и испреплетеност. На тој начин се укажува на материјалистичкото сфаќање на „женското прашање“. „Без сомнение, Маркс никогаш не се занимавал со женското прашање „само по себе“ или „како такво. Но без оглед на тоа, кон борбата на жената за рамноправност, тој го дал она што е незаменливо, што е најважно. Со материјалистичкото сфаќање на историјата тој поправо не

даде готови формули за женското прашање, но даде нешто подобро: правилен, сигурен метод тоа прашање да го испитаме и да го сфатиме. Дури материјалистичкото сфаќање на историјата ни овозможи јасно да го разбереме женското прашање во процесот на општиот историски развој, во светлината на општата општествена поврзаност, во неговата историска условеност и оправданост, да ги согледаме неговите движечки и носечки сили, целите кон кои тие се стремат, условите во кои поставените проблеми можат единствено да бидат решени.

(„Социјализам и ослобођење жена — Антологија текстова Маркса и Енгелса, Ленина и других, Култура, Београд 1958, 15, 16)".

Водечка Марксова идеја е еманципацијата на човекот кој тој ја изнесува во неговата значајна статија за еврејското прашање. Оваа идеја станува доминантна во целокупното марксистичко учење, а за жените кои биле третирани како инфериорни суштества таа мисла е одлучувачка во нивната борба за слобода и човечко достоинство. Според Маркс, капиталот како општествен однос ги опфаќа сите сфери на општествениот живот, од сферата на неговата материјална егзистенција до семејството, бракот, моралот, правото итн. Тој карактер на општествениот однос помеѓу трудот и капиталот е единствениот вистински однос, но во исто време и база за изградба на сите морални, етнички, културни, правни и други односи меѓу луѓето. Со тоа Маркс докажал дека прикажувањето на семејството како категорија која во развојот на општеството единствено не се променила, не е ништо друго туку чиста идеализација на капиталистичкото општество како систем, и тоа со цел да се зацврстат основите на тој систем. Истото се однесува и на жената, а тенденцијата жената да се задржи во семејниот круг затоа што секогаш нејзиното место било таму, или пак повторните обиди таа да се врати во семејството и домаќинството претставуваат само логично дополнување на таа слика.

Анализирајќи ја суштината на капиталистичкото производство, Маркс ги открива неговите закони на движењето кои ги формулира во теоријата за вишокот на вредноста. Тој посебно обрнува внимание на засилената бездушност на експлоататорската капиталистичка машина во однос на децата и жените. Но, Маркс во своите анализи на работниот процес се задржува и на карактерот на работата на жените. Така, тој прави јасна анализа меѓу карактерот на работата во домаќинствата во фазата кога тоа имало јавна функција од работата во етапата кога тој труд станал приватна функција на секое семејство одделно, кога семејството имало моногамен карактер. Тие два вида на работа имале реперкусии и врз положбата на жените во општеството, а исто така и врз односите внатре во семејството. Оваа Марксова анализа е мошне драгоцена за марксистичката оценка на работата на жените во општественото производство.

Анализата во исто време го оценила карактерот на работата која жените ја обавуваат во своето приватно домаќинство. Тој труд има карактер на труд на приватна индивидуа, а не специфичен облик на општествен труд, тој нема општествено делување и не се менува. Затоа, тој труд го задржува карактерот на трудот на приватна, а не на општествена индивидуа.

Во „Светото семејство", на неколку места Маркс зборува за жената и за класните основи на нејзината еманципација. Во поглавјето „Откритијата на тајните на човечката еманципација или „Луиза Марел", по повод затворањето на Луиза Марел, Маркс истакнува дека Филип размислува за неприликите во кои господарот ја доведува слугинката и како ја доведува до несреќа, срамота и чедоморство а при тоа, самиот, злосторник останува не казнет.

Кога Маркс зборува за „тајната еманципација на жените тој ја наведува конкретната мисла — мошне значајна мисла на Фурие, според која секогаш може да се определи менувањето на една историска епоха во друга спрема напредокот на женската слобода" па според тоа степенот на еманципацијата на жената е природна мерка за општата еманципација." Прељубата, заведувањето им прават чест на заводниците, претставуваат добар тон ... Но, кутрата девојка! Чедоморство, како в злостор. Ако нејзе ѝ е до честа, таа мора да ги отстрани трагите на нечесноста, и ако го жртвува своето дете на предрасудите на светот, тогаш е уште повеќе осрамотена и потпаднува во предрасудиите на законот ... Тоа е *погрешниот кружен тек* што го опишува секој цивилизиран механизам". „Не ли е девојката стока изложена на продажба за првиот што сака да ја добие во исклучива сопственост ... Како што во граматиката две одречувања вредат колку едно тврдење, така може да се каже дека и во брачната трговија два блуда вредат колку *еден добродетел*".

„Менувањето на една историска епоха може секогаш да се определи сразмерно на напредокот на жената кон слободата, бидејќи во односот на жената кон човекот, на слабиот кон силниот, најочигледно се јавува победата на човечката природа над буржоаската. Степенот на женската еманципација е природната мерка на општата еманципација".

„Понижувањето на женскиот пол е суштествената карактерна црта на цивилизацијата, како и на варварството, само со таа разлика што цивилизираниот поредок секој порок што варварството го врши на прост начин го издигнува до сложен, двосмислен, лицемерен начин на постоење ... Никого не го стигнува казната, поради тоа што жената ја одржува во ропство, подлабоко отколку самиот човек" (Фурие). (Свето Семејство, Белград, 1959, 276).

Тргнувајќи од мислата на Фурие и Енгелс во Анти-Диринг проучувајќи ја класната основа на понижувачката положба на

жените ги наведува истите мисли на Фурие кој вели дека „понижувањето на женскиот пол е битна карактеристика на цивилизацијата, како и на варварството со таа разлика што цивилизираниот поредок, секој порок, кај варварството го врши на прост начин, го воздигнува до сложен, двосмислен и лицемерен начин на постоење. Никого не го стигнува казната што жената ја одржува во ропство подолго од самиот човек".

Имајќи ги предвид изнесените ставови јасно се гледа дека класиците на марксизмот веќе одамна ја „откриле" тајната на сложениот процес на еманципација на жените.

Човековата еманципација според Маркс се постигнува во услови на новото општество кое претставува поредок во кој човекот во својот индивидуален живот се потврдува како генеричко суштество, како суштество кое владее со условите на својата егзистенција, слободно ги организира и произведува соодветно на законите на разумот. Овие услови ги овозможува тоталната револуција која револуционирајќи ја структурата на трудот, ги револуционира и сите сфери на човековата егзистенција. Токму во овие теориски рамки треба да се сфати Марксовото сфаќање за еманципација на жената. Социјалната положба на жените, односот во семејството, бракот и друго, со сета нивна специфичност во капиталистичкото општество, во крајна линија се условени од структурата на отуѓениот труд и капиталот. Еманципацијата на жената, или единствено еманципацијата на мажот како посебни облици на еманципација не претставува непосредна тема на Марксовите размислувања затоа што нејзиното остварување е возможно единствено како еманципација на човекот како генеричко суштество. Во исто време, односот меѓу мажот и жената како природна, нужна општественост на човекот како генеричко суштество е добар индикатор за отуѓеноста на општествените односи во целина. Тргнувајќи од неговото сфаќање дека слободата ја зафаќа „целината на човечкиот род", еманципацијата на жената се јавува како дел од остварувањето на човечкото. Затоа Маркс укажува дека односот на мажот спрема жената е основен критериум за *природноста на човекот* и за очовечување на природата. „Непосреден, природен, неопходен однос на човекот спрема човек претставува *однос на мажот спрема жената.* Во тој *природен* генеричкиот однос, односот на човекот спрема природата е на непосреден начин негов однос спрема човекот, а неговиот однос спрема човекот е на непосреден начин негов однос спрема природата, негово сопствено природно предназначување. Во тој однос се покажува, значи, во *чувствен* вид, во вид на очигледен факт тоа колку човечката суштност станала за човекот природа или колку природата станала човечка суштност за човекот. Во основа на тој однос може, значи, да се суди за степенот на општата култура на човекот. Од карактерот на тој однос се гледа во

колкава мера *човекот* станал за себе *генеричко суштество*, станал за себе *човек* и се сфаќа себе си како таков. Односот на мажот спрема жената е *најприродниот* однос на човекот спрема човекот. Затоа во него се открива во колкава мера *човекот* станал за себе *генеричко суштество*, станал за себе *човек* и се сфаќа себе си како таков. Односот на мажот спрема жената е *најприродниот* однос на човекот спрема човекот. Затоа во него се открива во колкава мера природното однесување на човекот станало човечко, или во оклкава мера *човечката* сушност станала за него природна сушност, во колкава мера неговата *човечка природа* станала за него *природа*. Од карактерот на тој однос, исто така, се гледа во колкава мера *потребата* на човекот станала *човечка природа*, т.е. во колкава мера *друг* човек како човек станал за него потреба, во колкава мера самиот тој, во своето индивидуално битие, претставува истовремено и општествено суштество". (Од Раните трудови, Скопје 1961, 305—306).

Неопходно е да се подвлече дека еманципацијата на човекот како тотален чин на човековата револуционерна акција не е возможна во рамките на било кое историски дадено класно општество, како што не е возможна ниту во било која парцијална сфера на човековата егзистенција, ниту на индивидуален план. Маркс многу јасно ја изнесува оваа мисла: „Дури тогаш кога стварниот индивидуален човек ќе го прими во себе апстрактниот граѓанин на државата, и, во својство на индивидуален човек, во својот емпириски живот, во својот индивидуален труд, во своите индивидуални односи ќе стане *генеричко суштество;* дури тогаш кога човекот ќе ги спознае и организира своите „сопствени сили" како *општестеени* сили и затоа нема веќе да ја одделува од себе општествената сила во вид на *политичка* сила, — дури тогаш ќе се доврши човечката еманципација". (Од Раните трудови, Култура, Скопје, 1961, 89). Таа потполна, довршена еманципација на човекот која значи реализирано единство на човековата генеричка суштина и на човековото индивидуално суштество е возможна во процесот на изградба на комунизмот како асоцијација на слободни производители, вистинска човечка заедница во која интересите на целината ќе бидат составен дел на индивидуалната егзистенција на секој поединец. Тој процес Маркс на овој начин го објаснува: *„Комунизмот* како *позитивно* укинување на *приватната сопственост* — тоа *самоотуѓување на човекот* — и поради тоа како вистинско *присвојување на човечката* сушност од човекот и за човекот; а затоа како полно, на свесен начин и со зачувување на сето богатство од достигнатиот развиток настанато враќање на човекот кон самиот себе како човек *општествен*, т.е. човечен. Таквиот комунизам е како довршен натурализам, хуманизам а како завршен хуманизам-натурализам; тој е *вистинско* решение на противречноста меѓу човекот и природата, човекот и човекот, вистинско

решение на спорот меѓу постоењето и суштноста, меѓу опредметувањето и самопотврдувањето, меѓу слободата и нужноста, меѓу индивидот и родот. Тој е решение на загатката на историјата и тој знае дека тој е тоа решение" (Од Раните трудови, Култура, Скопје, 1961, 307).

Маркс и Енгелс го третирале женското прашање како мошне сложено и значајно и затоа сметале дека за неговото решавање е неопходно согледување на сите негови можни димензии. Во таа смисла и самите ја докажале својата подготвеност за збогатување на своите ставови врз база на нови сознанија и утврдување на нови факти. Затоа, со право може да се каже дека Маркс мошне успешно ја дефинирал суштината на женското прашање. Според неговото сфаќање, човекот е дел на природата и природно суштество, но во исто време и претставник на својот вид. Третирајќи ја жената како стока мажот се откажува од можноста да ја реализира својата природа како општествено суштество. Личната свест за другиот пол е едно историско остварување, прилог на човекот во остварувањето на сопствената природа. Сфаќајќи ја жената како човечко суштество кое има различна свест, мажот чини чекор напред спрема една потреба која „не е природна" односно биолошка, туку природна за „човековата потреба". Според Марксовиот револуционерен комунизам, мажот кој ја понижува жената, во суштина се понижува себе како човечко суштество поради тоа што жената е интегрален дел на човештвото. Во таа мера во која мажот ја искористува жената и манипулира со неа како да е предмет, во таа мера мажот е отуѓено, а тоа значи нехумано и непотполно недоизградено човечко суштество.

Со право може да се каже дека Марксовите идеи за положбата на жената и нејзината еманципација претставуваат пресметка и негација на сите сфаќања базирани на предрасуди, традиционализам и патријахален менталитет. Неоспорно, Маркс е првиот голем мислител кој женското прашање го сфатил како тотално и специфично прашање и кој на еден доследен начин ги изразил своите ставови не само за нееднаквоста, експлоатацијата и дискриминацијата на жените, туку и за важноста на односот меѓу мажот и жената. На тој начин Маркс ги дал сите неопходни елементи правилно да се сфати жената спрема она што била, што е денес и што може да биде утре на патот на општата и на својата еманципација. Тргнувајќи од ваквата констатација не можат да се спорат следниве три фактори: 1) Оваа теорија ја изразува општествената и идејната ситуација во која е создадена, така што основните проблеми и решенија кои таа во трудовите на Маркс и Енгелс ги опфаќа, произлегуваат од посебното искуство на капитализмот на XIX век и неговите ефекти врз жените од сите класи; 2) Марксистичката теорија за еманципација на жените е неразделна од неговата општа општествено-политичка торија, односно од целината и

единството на теоријата на Маркс и Енгелс; 3) Оваа теорија за жените според многу свои идеи претставува продолжување, но и надминување на првите оригинални и големи идеи за жените и нивното ослободување кои настанале во револуциите од XVIII и XIX век, во идеологијата на романтизмот и особено во делата на утопискиот социјализам. Види: Јован Ѓорѓевиќ, Женско питање, Београд, 1975, 57—58).

Класиците на марксизмот постојано истакнувале дека прашањето за еманципацијата на жените не постои изолирано туку е дел од крупното социјално прашање кое ќе се реши дури по победата на социјалистичкото општество. Затоа, неопходно е да се истакне дека еманципацијата на жените е историско-епохален процес, а не социјален и политички акт. Исто така неопходно е да се укаже и на фактот дека вклучувањето на жените во процесот на општественото производство означува почеток на нивна еманципација, а не нејзин крај, и затоа ја претставува основата а не целта на нејзината еманципација. Изминатите децении кои не делат од класичните ставови на марксистичката мисла за ослободување на жената само ја потврдуваат основната марксистичка теза дека само во рамките на пролетерската револуција е возможна нејзината вистинска еманципација. За егзистенцијата на човештвото, а со тоа и за човековата слобода, неопходна е слободата и на мажот и на жената, единство на двете социјални компоненти. Доследно на идеите на класиците на марксизмот, таа мисла во програмата на СКЈ е разработена кога се истакнува дека „не станува збор за ослободувањето само на едната страна туку на двете страни и дури тогаш треба да се бара начинот и патот на ослободувањето на жената од нејзината двојна потчинетост“.

Прифаќајќи ја и развивајќи ја Марксовата концепција за човечката еманципација, нашето општество во целина ја прифати еманципацијата на човекот *„ин тото“*. За нашето општество, за нашиот Сојуз на комунистите во принцип нема разлика меѓу половите на нивото на нивното човечко достоинство и положба во општеството. Во нашето општество постјано била присутна свеста дека положбата на жената во општеството зависи од положбата на работничката класа во целина и дека противречностите кои морале да се појават поради масовното вработување, послабите квалификации, пониското образование, посебно поради функцијата на мајчинството, неправедните традиционални сфаќања за жената и нејзината улога во општеството може да ги реши само работничката класа во целина. За нас, мошне значајно е постојаното следење на идеите и патиштата со кои нашите работни луѓе ќе го надминат старото и преживеаното и ќе ги откријат новите простори на слободата во кои човекот ќе ги покаже и развие своите можности, мисли

и дела. Во врска со овие размислувања се наметнува и прашањето: Што значи еднаквоста на половите за социјализмот и самоуправувањето, а што значи заостанувањето во создавање еднакви услови и претпоставки за еднаквост?

По овој повод се јавуваат и старите дилеми: Што е тоа еднаквост, што е тоа рамноправност на мажите и жените? Дали тоа значи потполна поделба на животните сфери по принципот половина на половина, или пак значи еднаква можност која може да доведе до тоа учеството на жените во сферата на јавниот живот некаде да биде дури и поголемо од тоа на мажите? Во пристапот кон концепцијата за рамноправноста на мажот и жената сепак не треба да се има предвид само математичката еднаквост на карактеристиките кои се однесуваат на положбата на жените и мажите туку и еднаквите услови и положбата на мажите и жените во производството, во секојдневниот живот, во семејството и општествениот живот.

Во нашата средина забележуваме постоење на различни, понекаде можеби и дијаметрално спротивни пристапи кон ова прашање. Еден таков екстремен пристап е феминистичкиот кој се извесни модификации се залага за една посебна теориски заснована организација и борба на жените за ослободување на жените, што може да се оцени како чекор подалеку а не поблиску до еманципацијата на жените. Разгледувањето на „женското прашање" не како одвоено туку во контекстот на прашањето на општата човечка еманципација, треба да не води кон тоа еманципацијата на жената да не ја одвојуваме туку само посебно да ја истакнеме. Како што пренагласувањето на посебноста на женското работничко движење може да се оквалификува како женско секташтво, непризнавањето на неговата посебност ја крие во себе опасноста, таа специфична проблематика сосем да се запостави.

Тезата за автоматско подобрување на положбата на жената паралелно со развојот на општеството во сите општества, во целиот свет денес е побиена. И во развиените и во неразвиените земји, и во капитализмот и во социјализмот, и во стариот, и во новиот, и во „третиот свет" се увидело дека не е можно унапредување на општествената положба на жените без свесен напор на целокупното општество. Револуцијата не се исцрпува само преку зголемување на материјалните богатства и институционална трансформација. Конститутивен и битен елемент на револуцијата е и промената на свеста. Самата свест станува материјална сила во револуционирањето на општествените односи. Според тоа, треба да се нагласи дека и тоа што ние го нарекуваме патријахална свест и култура, кога станува збор за општествената положба и улога на жените не преставува само остаток на стариот општествен однос, туку и сериозна пречка за создавање на новото. Од тие причини, патријар-

халните односи и патријархалната свест не би требало да бидат само предмет на хумористички прилози или елемент на фолклорот, туку предмет на сериозна, перманентна и систематска општествена критика.

Борбата за ослободување на жените во нашето општество е сместено во рамките на борбата за ослободување на пролетаријатот и таа е неделива од остварувањето на општочовечката еманципација. Тргнувајќи од марксистичкиот став дека ослободувањето на жената може единствено да се реализира на патот на создавање на „асоцијација на слободни производители", женското прашање е составен дел на класното прашање. Без оглед на тоа колку идејно-теориски е јасен, патот на ослободување на жената, сфаќањето на женското прашање како составен дел на класното прашање воопшто, доведува до интепретации според кои ова прашање ја губи својата специфична тежина и поради тоа во социјализмот и во социјалистичкото општество не треба да му се посвети некое посебно внимание.

Класично марксистичкиот став дека економската еманципација на жената е услов за нејзината рамноправност со мажите во нашата општествена практика навистина се потврдува. Поправо, економската еманципација е услов за ослободување на жената, но не и нејзино ослободување.

На овој факт треба да се обрне посебно внимание затоа што често пати едноставно се мисли дека е доволно жената да се школува и да се вработи за да престане „женското прашање" да биде предмет на интересирање на општеството. Во исто време на друга страна, изгледа дека жената влегувајќи во светот на трудот добива и нови окови наместо очекуваната еманципација. Од тоа произлегува размножување на улогите кои жените ги вршат, но сега во диференцирани општествени делови и размножување на нејзините работни оптоварувања. Таа промена се изразува во класичната дихотомија на улогата која жената ја врши во семејството, т.е. пренесениот збир на улоги од традиционалното семејство врз кој се додава нов збир на улоги, а пред сѐ, улогата во општественото производство. Последицата од размножувањето на улогите и кофликтот на улогите кај жената, конфликт кој нема само психолошки карактер и последици туку и општествени последици доколку го спречува поактивното вклучување на жените во општествените процеси и го задржува нивниот развиток како субјективен фактор на општествениот развој.

Нашата теорија и политичка практика (оваа барем на декларативно ниво) со право го поставува во прв план учеството на жените во општественото производство, економската еднаквост на жените и мажите во општеството и разрешувањето на вкупните проблеми на здружениот труд. Но тука треба да се потсетиме и на марксистичките ставови дека материјалниот раз-

вој и порастот на материјалното богатство сами по себе не водат кон остварување на општествената рамноправност на жената. Ако се постигне, секоја жена која сака да работи, работи и доволно заработува за сопствена економска самостојност, тоа автоматски нема да обезбеди да се постигне и рамноправна општествена положба на жените. Зошто? Ако жената работи, а целокупниот товар на домашните и семејните задолженија ѝ останат нејзе, тогаш тоа може да значи и дуплирање на нејзиното робување, а не и подлога за нејзината еманципација. Затоа, неопходно е револуционирање на сите подрачја на општествениот живот, и на производството, и на потрошувачката, и на сферата на семејниот и личниот живот, и на свеста, и на менталитетот. Потребна е заедничка борба и на жените и на мажите за менување на производните и целокупните општествени односи. Поправо, сето тоа се сведува на историската смисла на социјализмот: ослободувањето на трудот значи ослободување на работникот, а со тоа и на човекот без оглед на половите, генерациските, расните или националните разлики.

Лениновиот став дека „пролетаријатот нема да стекне потполно ослободување доколку не извојува и потполна слобода за жените" сам за себе доволно зборува и поставува непосредна задача пред социјалистичката револуција во правец на ослободување на човековото општество. Врската меѓу женското и класното прашање се изразува во прашањето: Дали жената е општествено принудена да прифати било кој вид на експлоатација, дури и тотална како единствен начин на егзистенција, дали ѝ е потребно во општеството да се потврдува само низ биолошката димензија, или може да биде господар на својот живот од интимната сфера па до глобалните општествено-економски услови?

За нашето општество вниманието кое ѝ се посветува на општествената положба на жените е значајно и поради уште еден момент: жената-работник кај нас неоспорно се потврдува како општествен субјект, како самоуправувач и како што веќе е истакнато, самоуправувањето не може да се замисли без нејзиното активно учество. Токму од тие причини бројот на жените во светот на трудот, во самоуправните органи, во делегатскиот систем, во нашиот политички и јавен живот е еден од индикаторите за остварениот степен на револуционерните промени во општеството .Оттука и значењето на бројките кои зборуваат за нејзиното учество во самоуправувањето во сите овие општествени структури. Не станува збор само за формално пледирање за одредени пропорции, туку и за мерка на остварената непосредна власт на работничката класа во нашето општество. Нема сомневање во фактот дека нашето општество има јасна визија за својот развиток. Општествениот развиток од дневниот ред симнува определени прашања и решава некои проблеми, но

во исто време истакнува и нови прашања. Оттука и потребата за актуелизирање на некои аспекти на општествената положба на жените поради тоа што јасната определба на нашето општество сè уште не значи и дека општествената практика е без противречности, без колебања, па дури и промашувања. Основната мисла со која треба да се раководиме е дека борбата за остварување на социјалистичкото самоуправување не е апстрактна и не се решава само на генералниот општествен план, туку таа се реализира и добива низ бројни конкретни прашања. Едно од тие прашања е и женското прашање, без оглед на тоа колку е тоа во нашето општество трансформирано и колку тоа ги изгубило класичните белези и класичното значење.

Женското прашање кај нас во различните историски периоди има различни содржини кои зависат од степенот на реализирање на посебните стратешки цели на неговиот развој, а ќе биде актуелно сè додека постојат било какви форми на дискриминација на жената.

Уверена сум дека тоа постои и сè уште ќе постои како значајно прашање во светлината на марксистичката теориска концепција и целокупната самоуправна општествена практика, а никако како одвоено прашање со кое би се занимавале жените како посебна категорија. Досегашните вистински резултати на еманципацијата на жените, заправо ја потврдуваат потребата за уште поцелосно и подоследно укинување на одвоеноста која оди во полза на петрификација на нерамноправноста и патријархалноста и создавање на нови можности за тоа укинување.

Основната порака на Марксовата и целокупната прогресивна мисла е дека на жената треба да ѝ се врати нејзиниот дигнитет и достоинство. Од тие причини односот на марксизмот кои општествената положба на жената, односот кон потребата за промена на нејзината положба е на линија на нејзина потполна еманципација, што е услов и мерило за општата човечка еманципација.

Blaga PETROSKA

## WOMEN'S EMANCIPATION IN THE SPIRIT OF MARX'S IDEAS

### Summary

The main idea here is that every discussion of women's position in modern society should be based on the heritage of this subject left behind in the classics of Marxism. Marx and Engels did not pay special attention to the „women's question", not because it was neglected, but because they were aware that it should

be solved within the struggle of the proleteriat for the liberation of man as an individual. Together with the revolutionary transformations and the trends in contemporary society, Marxist scientific thought has contributed to the idea of solving the women's question as a total and many-sided matter, and for the overcoming of certain divergances and formalisms in contemporary thought. The classics of Marxism stated that the question of the emancipation of women was not isolated but was a part of the social question that was to be solved after the triumph of socialism. It should be emphasized that the emancipation of women is a historical-periodical process and not a social or politcal act. It should also be emphasized that the introduction of women in the process of social production is the beginning of their emancipation and not their end. This is because it is the basis and not the aim of their emancipation.

When accepted and developing Marx's concept of man's emancipation, our society entirely accepted the emancipation of man en toto. In our society the idea that the position of women depends on the position of the working class have contidually been present. Therefore, the treatment of the women's question in the context of the general emancipation of man should ensure that the emancipation of women is not separated from it, but just particularly emphasized. Equally, the overephasis of the women's working movement might be considered as women's sectarianism, which is the failure to recognise its particularity and might lead to its complete neglectance.

The basic Marxist message is that women should be given back their dignity and pride. Therefore, Marxism emphasize the need for the change of womens position i.e. its entire emancipation, which is the condition for the general man's emancipation.